## Запишување, упис и заверка на семестар, трет циклус - доктроски студии

Запишувањето на новите студени во прв семестар на студиите од трет циклус – докторски студии на ФИНКИ според  Конкурсот на УКИМ за учебната 2012/2013 година ќе се одвива во **периодот од 29 октомври до 02 неомври 2012 година**.

### Потребни документи за упис на нови студенти

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:

1. Индекс (ќе го добиете од Службата за студентски прашања на ФИНКИ)
2. Фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3)
3. Потврда за уплатена школарина за првиот семестар на докторските студии (школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетоткот на секој семестар, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на денот на уплаќањето)
    - При уплаќањето на првата рата, кандидатите треба да уплатат:
        - 250 евра во денарска противвредност уплаќаат на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на сметка: 160 010 3689 788 18
        - остатокот од износот (1/6 од вкупниот износ кој го пишува во договорот) го уплаќаат на жиро-сметка на ФИНКИ.
4. Уписен дупли лист со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)
5. Образец за запишување на семестар (УКИМ) со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)
6. Пополнет статистички лист (може да го подигнете од Службата за студентски прашања на ФИНКИ)

При запишувањето на првиот семестар студентите освен за предметите за генерички знаења за кои претходно се веќе имаат изјаснето, треба да одберат и предмети од областа на студирање според студиската програма на која се запишале така што ќе имаат вкупно 30 кредити во семестар. Листите на предмети на студиските програми може да се најдат тука. За помош при изборот контактирајте ги менторите и раководителите на студиските програми.

### Потребни документи за заверка и упис на нов семестар за тековните студенти

1. Потврда за уплатена школарина за следниот семестар на докторските студии – 3та рата (школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетоткот на секој семестар, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на денот на уплаќањето)
    - 1/6 од вкупниот износ кој го пишува во договорот се уплаќа на жиро-сметка на ФИНКИ.

2. Уписен дупли лист со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)
3. Образец за запишување на семестар (УКИМ) со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)
4. Пополнет статистички лист (може да го подигнете од Службата за студентски прашања на ФИНКИ)

Скопје, 25.10.2012 година, од Деканатот на ФИНКИ - Скопје